Коментирана од

**Кенпо Содаргје**



# ВАНГ

Составена од Џу Мифам Ринпоче

# ДУ

## ГОЛЕМИОТ ОБЛАК ОД БЛАГОСЛОВИ

Издание од 2024 година

# ВАНГ ДУ:
# ГОЛЕМИОТ ОБЛАК ОД БЛАГОСЛОВИ

## МОЛИТВАТА КОЈА МАГНЕТИЗИРА
## СÈ ШТО СЕ ПОЈАВУВА И СÈ ШТО ПОСТОИ*

Составена од Џу Мифам Ринпоче

Коментирана од Кенпо Содарѓје

Издание од 2024 година

* Ова учење беше дадено од Кенпо Содарѓје на кинески во 2013 година и беше преведено на англиски во 2018 година.

Иако оваа молитва е кратка и се состои од само седум строфи, нејзината содржина е совршена и многу длабока.

— Кенпо Содаргје

Посветено на

Кенпо Содаргје Ринпоче со длабока благодарност и љубов

Нека Вашето Сочувство и Мудрост

светат насекаде и ги просветлат сите чувствителни битија



Деветте Божества на Магнетизирачки Активности



# Кенпо Содаргје

# Содржина

**Основен Текст** 1

**Коментар** 6

Отварање 7

Позадина на учењата на Кенпо за оваа молитва . . . . . . . . 8

Големата Корист од оваа Молитва . . . . . . . . . . . . . . . . 10

Насловот на Молитвата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 15

Симболизирана со Мантра . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 26

Квалитетот на Сите Магнетизирачки Божества . . . . . . . 31

Магнетизирачки Божества 38

Дармакаја Амитаба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40

Ваџрадарма . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 44

Авалокитешвара . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 46

Падма Ѓалпо . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 50

Хаџагрива . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 53

Гухјаџана . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 56

Ваџраварахи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58

Махадева . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 60

Курукула . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 62

Како да Визуелизирате и да се Молите за Достигнувања 67
Визуелизација на Квалитетите на Ваџра Тело . . . . . . . . . 68
Визуелизација на Квалитетите на Ваџра Говор . . . . . . . . 71
Визуелизација на Квалитетите на Ваџра Ум . . . . . . . . . . 75
Молитва за Достигнувања . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 83

Крај 89
Позадина на Составот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 90

# Ванг Ду:

## Големиот Облак од Благослови

## (Основен Текст)

Составен од Џу Мифам Ринпоче



# Основен Текст

## A1. Отварање: Насловот

Ванг Ду: Големиот Облак од Благослови—Молитва која Магнетизира сè што се појавува и сè што постои

## A2. Средина: Главен Текст

## Б1. Мандала на која се молиме

## В1. Симболизирана со Мантрата

*ОМ АХ ХУНГ ЖИ*

## В2. Самата Мандала

## Г1. Квалитетите на Сите Магнетизирачки Божества

Во магнетизирачката палата, во која гори големото блаженство, престојуваат телата на проникливата мудрост, спојот на блаженство и празнина. Блажена е вашата лотосова природа, но ослободена од секаква приврзаност, раскошот на големиот сјај на ваџра сонцето.

### Г2. Магнетизирачките Божества

Дармакаја Амитаба, Буда на бескрајна светлина и Ваџрадарма, Авалокитешвара - Господар на светот, олицетворение на Големото Сочувство, Кралот Лотус Падма Ѓалпо, кој владее со самсара и нирвана, моќната Херука - застрашувачкото потчинување на сѐ што се појавува и постои, Тајната мудрост Гухјаџана и Ваџраварахи, Врховното блаженство Махадева, Допе Ѓалпо, кралот на желбата, изворот на големата страст и Курукула - кој го плени умот на секое живо битие без исклучок.

### Б2. Како да се молиме

### В1. Визуелизација на Квалитетот на Ваџра Тело

Моќни, врховни и обични мудри, чие блаженство и празнина се манифестира како танц, Домаќини на ваџра даки и дакини, кои привлекуваат и магнетизираат. Додека вашите ваџра тела танцуваат во хармонија помеѓу изгледот и празнината, трите царства на постоење се брануваат.

### В2. Визуелизација на Квалитетот на Ваџра Говор

Вашата ѕвонлива смеа е просветлен говор кој допира

до трите света, зраците на вашата црвена светлина ги исполнуваат самсара и нирвана, вашето вибрирање и смирување се виталната суштина на условеното постоење и мирот.

### В3. Визуелизација на Квалитетот на Ваџра Ум

Врховното неуништливо блаженство на вашиот просветлен ум ја дава најголемата желба на чувствителните битија: двата плода на совршеното достигнување на духовните практики. Со вашите моќни ваџра куки и јажиња со јамки, го врзувате сето она што се појавува и постои во Големо Блаженство.

### Б3. Молитва за Достигнувања

Како танчерка во безгранична мрежа од илузии, како филигран од неограничени магични манифестации, како семиња во отворена мешунка од сусам го пополнувате целиот простор.
На оваа огромна низа од Трите корени, домаќини на магнетизирачките божества, во посветеност ви се молиме за благослов.
Инспирирајте нè со вашите благослови, подарете ни духовни достигнувања, обични и врвни! Обдарете нè

со совршенството на непречената магнетизирачка активност да магнетизираме без пречки, сè што ќе посакаме.

## А3. Крај: Позадина на Составот

*Ова беше составено на првиот ден од седмиот месец од годината на Земјиниот зајак (1879) од еден по име Ди (Dhīḥ). Секој што се моли на ваков начин, без никакво сомневање, ќе ги изврши сите магнетизирачки активности токму според своите желби. Оваа молитва може да биде напишана на црвени знамиња и да се вее во воздухот или да се користи во молитвени тркала што се напојуваат од топлина или ветер.*

*Мангалам!*

# Коментар на

*Ванг Ду: Големиот Облак од Благослови*



од Кенпо Содаргје



# Отварање

Коментар на

Ванг Ду: Големиот Облак од Благослови

# Позадина на учењата на Кенпо за оваа молитва

Во Ларунг Гар, во февруари 2013 година (чудотворниот месец јануари по тибетанскиот календар), Кенпо Содаргје Ринпоче го одржа учењето за Ванг Ду: Големиот облак од благослови - молитва која магнетизира сѐ што се појавува и сѐ што постои, за време на годишното Дарма собрание на Носителите на Света. Постоеја две причини за ова учење. Првата е аспирацијата на Кенпо која се родила при неговата посета на планината Вутаи во јуни 2012 година, кога ветил дека ќе ја испее оваа молитва 10.000 пати и дека ќе одржи учење за неа. Втората причина е што многу практичари на дарма, поради нејзините моќни благослови, ја пееја оваа молитва со години, но сѐ уште не го сфатија нејзиното значење. Така, Кенпо почувствува дека е неопходно темелно да го објасни длабокото значење на чудотворната молитва. Како што рече: „Иако оваа молитва е кратка и се состои од

само седум строфи, нејзината содржина е совршена и многу длабока“.

Пред да го даде учењето, Кенпо рече: „Ванг Ду е практика на Ваџрајана Будизмот. Вообичаено, предуслов за добивање на вакво учење е добивање на овластување. Но, бидејќи станува збор за молитва која не содржи експлицитни упатства за практикување на Ваџрајана, а дополнително, бидејќи многу луѓе од Тибет, Хан-Кина и странство веќе ја пеат секојдневно, мислам дека нема штета да го слушнете ова учење. Поради оваа причина, ве овластувам сите кои немате добиено претходно овластување, доколку ветите дека ќе ја рецитирате мантрата Ваџрасатва 100.000 пати. Со тоа, дозволено ви е да го примите ова учење“.

# Големата Корист од оваа Молитва

Иако молитвата Ванг Ду не е идентификувана како терма, генерално се подразбира дека потекнува од мудроста на Цу Мифам Ринпоче, од големиот Бодисатва Манцушри. Ванг Ду е многу моќна молитва со способност да скроти сечиј ум, внесувајќи ги во неговата моќ појавите од целиот универзум. Затоа, може да се каже дека има два главни ефекти: надворешен и внатрешен. Со потпирање на молитвата, во надворешна смисла, човек стекнува способност да им биде од корист на сите живи битија; а во внатрешна смисла, стекнува способноста да ги контролира дискурзивните мисли, а со тоа, постигнува неограничена контрола на своето тело и ум.

## Надворешни ефекти

Како личност со веќе стекната бодичита, своите најдобри напори треба да ги посветите за благосостојба на сите чувствителни битија. Сепак, ова не е лесно и може да

биде доста тешко доколку некој целосно се потпира на сопствените способности. Од една страна, мора да останете вредни; додека од друга, мора да се молите за благослов на личните божества, Дакини и заштитници на Дарма. Понекогаш влијанието на божествата е поважно од нашите сопствени напори. Атеистите можеби нема да се согласат со ова, бидејќи веруваат дека успехот зависи од сопствената трудољубивост и ништо повеќе. Иако е точно дека сопствените напори се важни, потребни се и поволни надворешни околности. Само кога ќе се усогласат внатрешните и надворешните околности, ќе следи успех.

Некои луѓе мислат дека пропагирањето на Дарма и помагањето на чувствителните битија е толку голем проект што напорите на обичниот човек носат мала или никаква разлика. Ова е погрешен начин на размислување. Иако нашите активности во корист на чувствителните битија можеби немаат големо влијание во овој живот, ако истраеме во рецитирање на Ванг Ду, ќе создадеме прекрасен кармички почеток во корист на сите чувствителни битија за следниот живот.

## Внатрешни Ефекти

Преку рецитирање на оваа молитва, добиваме неограничена контрола над телото и умот. Во суштина, сите неволји на чувствителните битија доаѓаат од фактот што тие не се господари на сопственото тело и ум. Неможноста да се контролираат дискурзивните мисли предизвикува постојана вознемиреност на умот, што носи неизмерно страдање. Доколку редовно ја читаме оваа молитва, ќе стекнеме команда врз нашиот сопствен ум и на крајот ќе ја сфатиме неговата природа. Тогаш, не само што ќе престанат душевните маки, туку ќе можеме да ги совладаме и сите надворешни појави.

## Важна Практика во Ларунг Гар

Поради овие неверојатни ефекти, Ванг Ду е високо ценета Дарма практика во Ларунг Гар. Секоја лекција започнува со читање на оваа молитва трипати. Цигме Пунтсок Ринпоче еднаш рече: „Ако јас и мојата идна лоза сакаме во сите идни животи да донесеме корист за сите чувствителни битија, рецитирањето на оваа молитва е најефективното средство". Со цел да создаде поволни услови неговите ученици да им користат на чувствителните битија, Неговата Светост ја даруваше сангата во Ларунг Гар за да го рецитираат Ванг Ду

три пати секој ден. Подоцна, оваа практика беше зголемена на пет повторувања на ден. По смртта на Неговата Светост, Лама Мумцо, исто така, принесе дарови за сангата да продолжи со секојдневното рецитирање.

Ванг Ду практиката ги отстранува и пречките, овозможувајќи му на човекот да влијае на обичните неповолни околности и да ги трансформира во позитивни. Во Ларунг Гар се рецитира Ванг Ду молитвата за да се направи нешто успешно и непречено. На пример, кога има прекин на водоснабдувањето во Ларунг, возач од Серта доброволно нѝ транспортира вода. За неговиот пат да биде успешен и без пречки, сите членови на сангата ја рецитираат Ванг Ду молитвата.

Оваа молитва не е популарна само во Ларунг Гар. Дури и надвор од институтот, често може да се видат стари, белокоси и без заби Тибетанци, кои не ја познаваат ни најосновната садана, но течно и со голем ентузијазам ја рецитираат Ванг Ду молитвата. Сигурно ова е знак за успешно магнетизирање! Како што рече Кенпо Содаргје, „Иако никогаш не направивме никаков напор да ја објавиме молитвата, таа спонтано се шири и сега ја рецитираат многу домашни и прекуокеански практичари“.

# Насловот на Молитвата

## *A1. Отварање: Насловот*

**Ванг Ду: Големиот Облак од Благослови — Молитва која Магнетизира Сѐ што се појавува и Сѐ што постои**

Ванг Ду е кратенка од „Големиот облак од благослови - молитвата која магнетизира сѐ што се појавува и сѐ што постои“. Овде „сѐ што се појавува“ се однесува на надворешниот свет, кој се појавува, а „сѐ што постои“ се однесува на сите живи суштества кои постојат во надворешниот свет. Накратко кажано, постојат три работи што треба да ги знаеме во врска со оваа молитва: 1) Целта на оваа молитва е да се постигне активност на магнетизирање. 2) Треба да ја пееме оваа молитва ако сакаме да ја оствариме активноста на магнетизирање. 3) И дека молитвата е насочена кон безбројните магнетизирачки суштества

од Трите корени, претставени со деветте божества на магнетизирање.

## Четирите Тантрички Активности

Во Ваџрајана будизмот, постојат четири типа на активности[1]: смирување, збогатување, магнетизирање и потчинување. Предуслов за остварување на овие активности е да се постигне одредено ниво на реализација во сопствената практика на Ваџрајана.

### 1 Смирување

Елиминирање на болести, пречки и негативна карма на себе и на другите. На пример, практиката на Ваџрасатва е смирувачка активност. Преку практиката на прочистување на Ваџрасатва, може да се искорени сета сопствена негативна карма што се акумулирала од времето без почеток.

### 2 Збогатување

Зголемување на слава, богатство, социјален статус, мудрост и така натаму. Постојат многу практики на збогатување. Оние кои сакаат да ја зголемат својата мудрост можат да практикуваат Манџушри, оние кои сакаат да го зголемат

1 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Four_activities

своето сочувство можат да практикуваат Авалокитешвара и оние кои сакаат зголемено богатство можат да вежбаат Замбала.

### 3 Магнетизирање

Прво, стекнуваме целосна контрола врз сопственото тело и ум, а потоа стекнуваме моќ да ги магнетизираме и смириме сите други битија. Некои луѓе се соочуваат со тешкотии каде и да одат. Тие се во конфликт со своите родители, другите бараат да им нанесат штета; дури и кучето покрај кое поминуваат на улица им лае. Всушност, целата наша надворешна дисхармонија е фундаментално предизвикана од губење на контрола врз сопственото тело и ум. Ако добро ја практикуваме магнетизирачката активност, може да стекнеме контрола над нашето тело и ум, и следствено, може да имаме поголемо влијание врз сите надворешни услови.

### 4 Покорување

Кога човек ќе ја усоврши моќта на своето големо сочувство и ќе се ослободи и од последната нишка на себичност, тој преку практиките на гневните божества како Хајагрива[2],

2 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Hayagriva

Ваџракилаја[3] итн, може насилно да ја пренесе свеста на варварските суштества во чистата земја. На површината, може да изгледа како потчинувањето да е убиство, но двете дејства се радикално различни. Убиството е грозоморно дело кое им штети на чувствителните суштества, додека покорувањето е целисходно средство во нивна корист.

Ако некој не го разбира Ваџрајана Будизмот, или ако има предрасуди кон него, може да му биде тешко да ги прифати овие тантрички активности. Од оваа перспектива тоа би било нормална реакција. Исто како што сонцето не може да ја осветли пештерата свртена кон север, личноста без вера никогаш не може да го разбере учењето и да ги прими благословите на Ваџрајана.

## Моќта на Магнетизирачките Активности

За оние кои сакаат да шират Дарма за да им користат на чувствителните битија, многу е важно да постигнат активност на магнетизирање. Во спротивно, колку и да се одлучни вашите напори, луѓето ќе ве отфрлат. Доколку ги усовршите магнетизирачките активности, вашите напори се комбинираат со моќта на магнетизирачките божества, кое, дури и да сте обична личност, им дава дополнителен

3 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Vajrakilaya

поттик на вашите дела. Со помош на магнетизирачките активности, не треба да вложувате извонредни напори во вашите дарма активности, ниту пак да барате од луѓето околу вас да се засолнат во Трите Скапоцености или да ги преземат заветите на Бодисатва. Всушност, сето ова ќе го постигнете без напор.

Н.С. Џигме Пунтсок Ринпоче е совршен пример за некој кој ја добил оваа моќ. Неговата Светост ја оживеа Дармата по Културната револуција во Кина. Во тој мрачен период, Неговата Светост самостојно постигна нешто што многу други не успеаја да го постигнат. Тој го воскресна знамето на Дарма во овој свет повикувајќи се на моќта на магнетизирање.

Кенпо Содаргје исто така чувствува силен личен афинитет кон активноста на магнетизирање. Во 1985 година, кога беше новопристигнат во Ларунг, првото Дарма собрание на кое учествуваше беше Дарма собранието на Носителите на Свесност, наречено Дарма Собрание на Деветте Божества.

Постои необична причина зошто името на ова Дарма собрание е сменето. Во 1995 година, многу монаси и монахињи се собраа во Ларунг Гар за да присуствуваат на овој Дарма собир. Во тоа време, Неговата Светост

Џигме Пунсток Ринпоче изјави: „На овој Дарма собир не присуствуваат само човечки битија; многу носители на свесност од различните царства на Буда дојдоа да ни се придружат. Тука се собрани вкупно 100.000 човечки и нечовечки Носители на Свест. Поради оваа причина, овој собир на Дарма треба да се нарече Дарма Собрание на Сто Илјади Носители на Свест“. Оттогаш, Дарма Собранието на Деветте Божества се нарекува Дарма Собрание на Носителите на Свеста.

Независно од видот на нашата практика, клучен е вистинскиот услов за меѓу-зависно појавување. Набљудувајќи ги условите од многу различни аспекти, ќе откриеме дека долината Ларунг е место каде што лесно се постигнува активноста на магнетизирање. Еден Тертон еднаш го направил ова пророштво за Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче:

*Лотос цвета во долината на магнетизирачката активност,*
*Златниот орел на Лоро се издигнува на небото.*
*Неговиот повик одекнува гласно и јасно во десет правци,*
*сите птици се собираат под неговите крилја.*

Лотосот кој цвета во долината на магнетизирачката активност е Ларунг, долината чии планински ртови

формираат облик на расцветан лотос; „Златниот орел“ е симбол за Неговата Светост, роден во годината на птицата; „Сите птици“ се учениците на Неговата Светост. Пророштвото јасно вели дека долината Ларунг е соодветно место за вежбање на активноста на магнетизирање.

Практиката на магнетизирање е позначајна за луѓето кои живеат во светот во споредба со нејзиното значење за практичарите кои живеат во изолација. Живеејќи во светот, човек неизбежно се соочува со проблеми во врските, парите, социјалниот статус итн.; и затоа, срцата на луѓето се исполнети со големо страдање и несреќа. Активноста на магнетизирање дава позитивни ефекти во справувањето со секојдневните прашања. Неговата Светост еднаш рече: „Оние кои ги постигнале активностите на магнетизирање покрај тоа што ќе им биде од корист на чувствителните битија, ќе го подобрат и својот сопствен живот“.

Кенпо Содаргје, на шега рече: „Кога ќе се најдете во финансиски потешкотии и ќе бидете приморани секој ден да позајмувате пари, прво од лево, потоа од десно, па дури и да стигнете до точка кога другите ќе почнат да ве избегнуваат од страв да не им побарате пари; значи дошло време да започнете да практикувате магнетизирање. Откако

ќе ја постигнете активноста на магнетизирање, никогаш повеќе нема да се најдете во ваква ситуација“.

Генерално кажано, ако некој може да практикува магнетизирање и да ги прими благословите на божествата, Дакините и Дарма заштитниците на магнетизирачките активности, ќе открие дека телото и умот постепено му доаѓаат под контрола и неговите проблеми се менуваат на подобро.

## Големиот Облак од Благослови

Поднасловот на оваа молитва е „Големиот облак од благослови“. Ова упатува на благословите на Трите корени на магнетизирање кои ќе се спуштат како големите летни дождови и ќе донесат непрекинат проток на Сиди[4] на оној кој искрено се моли.

Оние кои постојано ја рецитираат Ванг Ду молитвата не само што ќе добијат благослов од Трите корени, туку ќе формираат и врска со Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче, кој лично вети дека дури и по неговото умирање нема да ги напушти учениците кои формирале кармичка врска со него. Оние кои ја рецитираат Ванг Ду молитвата,

4 *Материјални, паранормални, натприродни или други магични моќи, исполнувања и достигнувања кои се продукт на духовна практика*

дури и ако никогаш не ја виделе или слушнале лично Неговата Светост, ќе бидат вброени во неговите ученици и ќе бидат примени во неговата сфера на влијание.

Благословот на Неговата Светост е навистина неверојатен. Кенпо Содаргје додека предаваше се присети на сопственото искуство, велејќи: „Се присетив на мојата одлука да дојдам во Ларунг Гар и сфатив дека тоа мора да е резултат на благословот на Неговата Светост. Сè уште немав завршено училиште, но од необјаснива причина, почувствував неодолив импулс да дојдам во Ларунг и да научам будизам. Како да ме влечеше неконтролирана сила“.

Фактот дека Дарма достигна такви нивоа на просперитет во Ларунг Гар, е исто така резултат на големиот благослов на Н.С. Џигме Пунтсок Ринпоче. Луѓето од околните манастири се обиделе да шират Дарма од чувство на сочувство, но нивните активности ретко биле целосно ефективни. Ова не е случај со Ларунг Гар. Општо познато е дека Неговата Светост е реинкарнација на Дорџе Дуџом[5], големиот сиди кој ја постигнал активноста на магнетизирање. Дури и по заминувањето на Неговата Светост од овој свет, Ларунг Гар продолжи да биде свето место на просперитетна Дарма.

5 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Nanam_Dorje_Dudjom

Во своето учење, Кенпо рече: „Порано мислев дека штом Неговата Светост ќе почине, нема да сакам да живеам повеќе во Ларунг; дека без Неговата Светост, Ларунг би станал земја на урнатини. Мислев дека и доколку останат некои луѓе, нивниот број би бил мал. Никогаш не претпоставував дека поради добротворното влијание на Неговата Светост, толку многу будисти ќе останат собрани заедно во Ларунг или дека Ларунг ќе продолжи да игра толку важна улога во денешниот будизам. Ова не е претерување. Како што рече Мифам Ринпоче: „Никогаш не употребувајте невистинити зборови, дури и ако темата на вашата пофалба е вашиот изворен гуру. За оние кои живеат во овој свет, зборувањето на вистината е клучна особина, а таа е уште поважна за оние кои се посветени на будистичката практика“.

Во текот на својот живот, Неговата Светост секогаш имаше највисока почит кон Ванг Ду. Каде и да одел, кое и свето место да го посетил, тој ја читал оваа молитва најмалку три пати. Исто како и Неговата Светост, Кенпо Содаргје ја пее оваа молитва кога е на аџилак или кога и да види победничка статуа на Буда. Ако нема време за рецитирање на подолга молитва за аспирација, тој ќе ја испее Ванг Ду молитвата најмалку три пати. На ист начин, Кенпо Содаргје ги охрабрува сите свои ученици да ја разберат важноста

на Ванг Ду молитвата и да ја зачуваат како многу важна молитва која ќе ја практикуваат во текот на целиот свој живот.

# Симболизирана со Мантра

***А2. Средина: Основен Текст***

***Б1. Мандала на која се Молиме***

***В1. Симболизирана со Мантра***

***ОМ АХ ХУНГ ХРИ***

## Значење на Мантрата

„Ом Ах Хунг" е сеопфатна мантра на Будите од трите времиња. „Ом" го претставува ваџра телото на Будите од трите времиња; „Ах" го претставува нивниот ваџра говор; и „Хунг" го претставува нивниот ваџра ум. Затоа, со рецитирање на „Ом Ах Хунг", ги добивате благословите на сите Буди.

„Хри" е основниот семенски слог на Трите Изворни магнетизирачки божества од Лотосовата Фамилија[6] и го претставува природниот сјај на мудроста на расудувањето.

6 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Five_buddha_families

Бидејќи оваа молитва е посветена на божествата од Лотосовата Фамилија, кои се состојат првенствено од деветте главни божества, мора да рецитираме „Хри“.

Мантрите се неспоредливи, креативни средства со кои Будите и Бодисатвите им носат корист на чувствителните битија. Која будистичка мантра и да ја рецитираме, веднаш ќе бидеме доведени во резонанца со нејзиното поврзано божество. Иако во крајна смисла, вистината е дека исконската природа на Будите и Бодисатвите го надминува концептот и формата, во релативна смисла, кога чувствителните битија рецитираат мантри со побожност, Будите и Бодисатвите се спуштаат и се појавуваат пред нив. Исто како кога детето плаче по својата мајка, мајката веднаш приоѓа да му помогне. И така, кога рецитираме „Ом Ах Хунг Хри“ со трудољубивост и посветеност, ги добиваме благословите на сите Буди и Бодисатва, а поконкретно, ги добиваме благословите на деветте главни божества од Лотосовата Фамилија и нивните придружници.

## Деветте Божества на Магнетизирачки Активности

Постојат многу различни начини за визуелизација на деветте божества на магнетизирачките активности. Ванг Ду

молитивата, компонирана од Мифам Ринпоче претставува еден од тие начини. Втор начин е садaната која се рецитира за време на Дарма Собранието на Носителите на Свесноста, *Длабока Практика на Илузорното Ласо на Деветте Начелни Божества на Авалокитешвара*, терма откриена од Лераб Лингпа. Во овие две практики, описите на деветте божества благо се разликуваат.

Еднаш, Н.С. Џигме Пунтсок Ринпоче побарал од еден уметник да ги нацрта деветте божества според описот во Ванг Ду. На цртежот, Дармакаја Буда на безграничната светлина (Амитаба)[7] се наоѓа на врвот, во средина. Амитаба е еквивалент на Самантабадра со исклучок што Самантабадра е со сина боја, а Амитаба со црвена. Позициониран директно под Амитаба е Самбогакаја Буда, Ваџрадарма[8], еквивалент на Ваџрадара. Под Ваџрадарма се наоѓа Нирманакаја Падма Ѓалпо[9], еманација на Падмасамбава. Во горниот лев агол е црвената Авалокитешвара[10]; под неа е Гихјаџана[11] и долу лево е Курукула[12]. Горе десно од

7 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Amitabha
8 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Vajradharma
9 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Guru_Pema_Gyalpo
10 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Padmapani
11 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Guhyajnana
12 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Kurukulla

Ваџрадарма е Хаџагрива[13], под него е Ваџраварахи[14], а Махадева[15] е доле десно.

Ако практичарите на Ваџрајана ја поставаат оваа слика на нивното светилиште, со тек на времето, тие сигурно ќе добијат благослов од овие божества. Сепак, ова се однесува само на практичарите со искрена посветеност кон Ваџрајана Будизмот. Оние кои не ја разбираат Ваџрајана може да развијат лоши чувства кон овие божества. Иако нема слики на божества во сексуална унија, постојат фигури кои носат украси од коски.

Важно е да знаеме дека доколку им се молиме на деветте магнетизирачки божества со радост, полесно ќе вибрираме со нив. Упатството за садаката која се практикува на Дарма Собранието на Носителите на Свесност вели: „Започнете ја практиката со чист и радосен ум“. Секако, дури и кога сте во лошо расположение, пеењето на Ванг Ду и добивањето на благослов од деветте божества може да ви го подигне духот. Некои луѓе почнуваат со тажен лик, но по пеење на Ванг Ду неколкупати, повеќе не покажуваат знаци на негативни емоции, а нивното изговарање станува гласно и јасно, па

13 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Hayagriva
14 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Vajravarahi
15 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=D%C3%B6p%C3%A9_Gyalpo

дури и нивното молитвено тркало побрзо се врти. Ова е знак дека со пеење на оваа молитва се примаат благословите од божествата.

# Квалитетот на Сите Магнетизирачки Божества

*В2. Самата Мандала*

*Г1. Квалитетот на Сите Магнетизирачки Божества*

> **Магнетизирачкиот дворец во кој гори големото блаженство, каде престојуваат телата на проникливата мудрост, спојот на блаженство и празнина. Блажена е вашата лотосова природа, но ослободена од секаква приврзаност, раскошот на големиот сјај на сонцето ваџра.**

Оваа строфа ги сумира квалитетите на магнетизирачките божества. Описите се применливи за секое божество претставено во следниот текст.

## Поддршката на Магнетизирачките Божества

„Магнетизирачкиот дворец во кој гори големото блаженство“ е местото каде постојат магнетизирачките

божества. „Големо блаженство“ не е блаженство во обична смисла на зборот, туку беспрекорната мудрост која ги надминува сите концептуални мисли. По изглед, овие божества живеат во магнетизирачка палата запалена со огнот на блажената мудрост.

Резиденциите на Будите може да се класифицираат во три категории: палата Дармакаја, палата Самбогакаја и палата Нирманакаја, што одговараат на трите каји[16] на нивната манифестација. Палатата Дармакаја е исконската мудрост, која е надвор од изразувањето, која ја надминува сета двојност, насока, јазик и мисла. Палатата Самбогакаја е безграничната палата во Самбогакаја Полето на Буда. Во *Гујагарба Тантра*, се вели дека оваа безгранична палата има пет вида величествени квалитети и е невидлива за обичното човечко око. Видлива е само за просветлените битија кои го достигнале првиот буми или повеќе од него. Палатата Нирманакаја е палата во очигледно чисти кралства. Нејзините доблести се видливи за обичните човечки суштества чии умствени текови не се толку контаминирани. Безграничната Палата на Чистата Земја на Амитаба е пример за палата Нирманакаја.

16 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Three_kayas

## Основна Форма на Магнетизирачките Божества

„Тела на прониклива мудрост - спој на блаженство и празнина“ се однесува на основната форма на магнетизирачките божества. Во однос на „соединувањето на блаженството и празнината“, од перспектива на гледачот, тоа е непроменливо големо блаженство; а од перспектива на виденото, тоа е длабока празнина. Магнетизирачките божества целосно ја сфатија недвојноста на гледачот и виденото, постоејќи во совршен спој на блаженство и празнина, неповратно трансформирајќи ги страста и желбата во мудрост на расудување.

Мудроста на расудување е една од петте мудрости на Будите[17]. Потпирајќи се на мудроста на расудувањето, божествата кои магнетизираат се способни да ги воочат сите појави со совршено и прецизно расудување. Магнетизирачките божества ги поседуваат квалитетите на петте видови мудрост на Буда, но конкретно, оваа молитва пристапува од перспектива на мудроста на расудување.

## Семејства на Магнетизирачки Божества

„Блажена е нивната лотосова природа, но ослободена од секаква приврзаност“, нѝ кажува на која фамилија на Буди

17 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Five_wisdoms

му припаѓаат магнетизирачките божества. Во Дармадату, секој Буда ѝ припаѓа на одредена фамилија на Буди[18].

Будите од Исток ѝ припаѓаат на фамилијата Ваџра; Будите од Југ ѝ припаѓаат на фамилијата Ратна; Будите од Запад ѝ припаѓаат на фамилијата Лотос; Будите од Север ѝ припаѓаат на фамилијата Карма, а Будите од Центар ѝ припаѓаат на фамилијата Татагата. Магнетизирачките божества ѝ припаѓаат на фамилијата Лотос.

Општите карактеристики на фамилијата Лотос се тоа што имаат црвена боја и живеат на Запад, или поконкретно, во Сукхавати[19]. Токму поради оваа причина Неговата Светост велеше: „За оние од нас кои се стремат кон повторно раѓање во Сукхавати, од перспектива на практиките на Темелот, Патеката или Плодот, практиката на Ванг Ду е многу погодна".

Зошто оваа фамилија на Буда се нарекува Лотос? Именувана е по симболот на лотосот кој ја претставува. Како лотосовиот цвет кој расте во каллива вода, а сепак, останува чист и совршен, фигурите на Буда од фамилијата Лотос изгледаат преполни со желба, но сепак се ослободени

18 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Five_buddha_families
19 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Sukhavati

од ограничувањата на желбата, манифестирајќи ја чистата мудрост на големото блаженство. Ова е причината зошто лотосот е метафоричното име на божествата од оваа фамилија Буди.

Бидејќи симболичната боја на фамилијата Лотос е црвената, Дарма опремата која се користи за практиката магнетизирање по можност треба да биде црвена. Кенпо Содаргје ги советува учениците да ја пеат молитвата Ванг Ду користејќи црвени мали.

Еднаш, во Паљул[20] живееше еден лама, кој следеше различни практики. Тој одбра различна мала за секоја практика и постојано носеше десетина мали со себе. Поради неговата напредна возраст, неговиот вид станал прилично слаб. Затоа, пред да започне со вежбање, морал долго да бара низ џебовите, обидувајќи се да утврди која е вистинската мала. На површината, ова може да изгледа како лакомост, но всушност тоа покажува колку му била важна практиката на дарма.

Ако им се молиме често на божествата кои магнетизираат, може да се ослободиме од стегите на желбата. Луѓето, во овие дегенеративни времиња се водени од горливи

20 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Palyul

желби. Кога ќе се соочат со искушенија, повеќето луѓе не се способни да ги контролираат своите тела или умови. Некои дури ги прекршуваат или ги напуштаат своите завети. За решавање на овој проблем, Неговата Светост рече: „Како практичар кој сака да ги зачува своите принципи чисти во текот на идните животи, треба внимателно да го рецитирате Ванг Ду или трудољубиво да му се молите на Курукула. Ако можете да го направите ова, ќе ги трансформирате вашите нечисти мисли во беспрекорна мудрост, што е како трансформирање на железо во злато“.

## Активностите на Магнетизирачките Божества

„Раскошот на големиот сјај на Ваџра Сонцето“ се однесува на активностите на магнетизирачките божества. „Ваџра“ е термин кој се користи за да се опише нивниот неуништлив квалитет. „Големиот сјај на сонцето ваџра“ е метафора за неуништливата мудрост на магнетизирачките божества. Кои се овие активности? Со сончевиот сјај на нивната неуништлива мудрост тие можат да ги отфрлат погрешните погледи, негативни мисли и сета темнина на незнаењето што ги спречува чувствителните битија да дојдат до просветлување.

Умовите на луѓето се длабоко погодени од темнината на незнаењето. Многумина немаат моќ да ги скротат сопствените ментални маки, ниту пак поседуваат способност да им користат на чувствителните битија преку Дарма. Ако овие луѓе можат побожно да им се молат на магнетизирачките божества, врз основа на благословот што го добиваат, темнината на незнаењето во нивниот умствен тек ќе се отфрли брзо и нивната Дарма практика, заедно со останатите активности за ширење на Дарма, непречено ќе напредува.

Постојат различни начини за разбирање на ваџра зборовите на Мифам Ринпоче. Некои мислат дека овој стих се однесува на дармакаја Буда на безгранична светлина. Кенпо Содаргје лично смета дека овој стих е резиме на сите квалитети на магнетизичките божества. Нивната резиденција е безграничната палата што магнетизира, нивната основна форма е мудроста на расудувањето, нивното Буда семејство е семејството Лотос и нивната активност ги отфрла пречките за просветлување.



# Магнетизирачки Божества

Коментар на
Ванг Ду: Големиот Облак од Благослови

*Д2. Магнетизирачки Божества*

**Дармакаја Амитаба, Буда на бескрајната светлина и Вацрадарма, Господар на светот - Авалокитешвара, олицетворение на Големото Сочувство, Кралот Лотус Падма Ѓалпо, кој владее со самсара и нирвана, моќната Херука - застрашувачкото потчинување на сѐ што се појавува и постои, Тајната мудрост Гухјацана и Вацраварахи, Врховното блаженство Махадева, Допе Ѓалпо, кралот на желбата, изворот на големата страст и Курукула - кој го плени умот на секое живо битие без исклучок.**

# Дармакаја Амитаба

Дармакаја значи спој на празнина и мудрост, кој е надвор од секоја форма и концепт, а поседува секакви заслуги. Божествата на семејството Лотос се манифестираат во три каји. Буда Амитаба ја претставува дармакаја. Неговото тело има црвена боја; тој е целосно гол без никаков украс. Тој изгледа како исконскиот Буда, Самантабадра, само што е црвен наместо син.

Во Ваџрајана, голите фигурите на Буда ја симболизираат внатрешната природа на сите појави. Во овој свет на самсара, личноста претставена без облека се смета за срамна. Во овој случај, бидејќи природата на сите појави е лишена од суштинско постоење и природата на умот е гола, од оваа гледна точка, никакво украсување не е потребно.

Според *Тантрата за Ослободување преку Контакт*, „непроменливото светло тело на исконската Татагата е голо,

неукрасено, со црвена и жолта боја и останува во положбата на медитација“. Очигледно, Амитаба не е украсен, неговото тело е со црвеникаво жолта боја, неговите дланки во медитативна мудра, седнат во ваџра положба.

Фактот дека првото божество во Ванг Ду е Буда Амитаба, доведува до посебен услов за повторно раѓање во Чистата Земја. Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче еднаш рече: „Сите вие, по смртта, треба да се стремите за повторно раѓање во Сукхавати. Рецитирањето на Ванг Ду создава кармичко потекло што ќе доведе до повторно раѓање во Чистата Земја“. Затоа, оние кои практикуваат Будизам на Чистата Земја треба често да го рецитираат Ванг Ду.

Меѓу деветте главни магнетизирачки божества, покрај Амитаба, неколку дакините исто така се појавуваат голи. Од оваа перспектива, Ваџрајана е практика на оние со остри природни капацитети. Ако некое лице сè уште се држи до поимот срам, Будите и Бодисатвите добиваат само грациозни и величествени форми. Но, ако некој ја сфатил голата природа на умот, каде што сите концептуални мисли и приврзаности престанале да постојат, тогаш Будите и Бодисатвите се појавуваат во друга форма. Затоа, ако некои мислат дека голите претстави на Будите во Ваџрајана се несоодветни, тоа е знак дека тие сè уште не се подготвени

за Ваџрајана. Затоа, за да се заштитат умовите на таквите луѓе, сликите на голите Буди или Будите во сексуална унија, заедно со одредени практики, се откриваат со претпазливост.

Будите и Бодисатвите нѝ пристапуваат на неограничени начини. Покрај тоа што нѝ пренесуваат дарма преку говор, тие исто така користат уникатни начини да ја покажат вистинската природа на сите појави. Што се однесува до сликите на Буди во сексуална унија, од обична перспектива изгледа дека таткото и мајката на Буда се во прегратка. Меѓутоа, таквата прегратка е симбол на соединувањето на празнината и изгледот, празнината и сјајот, празнината и блаженството.

Сексуалната унија може да се објасни и како растварање на умот и феномените во не-дуалност. Просечен човек може да има потешкотии да го сфати значењето на празнината како што е објаснето во второто вртење на тркалото на Дарма и концептот на сјајот на Татагатагарба објаснет во третото вртење на тркалото. Истата личност можеби нема да види разлика помеѓу двете. Затоа, сликите на Будите во сексуална унија служат како визуелна помош за демонстрирање на овој поим. Кога ќе видите како Буда ја прегрнува својата сопруга, личност со остри природни капацитети, може

веднаш да ја сфати вродената мудрост дека празнината и сјајот се неразделни и со тоа, да може да ги трансформира сите негативни емоции во големата мудрост на соединување на празнината и блаженството.

Во денешно време, поради зголемена популарност, многу луѓе студираат Ваџрајана, но многу малку луѓе вистински ја разбираат. Повеќето луѓе се едноставно љубопитни. Кога ќе видат гола претстава на Буда, или Буда со сопругата, веднаш снимаат со својот мобилен телефон. Тие веруваат дека она што го гледаат е уметничка слика на човечко тело; поради кое се раѓа уште посеризно недоразбирања за Ваџрајана. Личноста која ја разбира Ваџрајана, особено личноста која има искуство со нејзините напредни практики, знае дека таквата слика не претставува обична страст; и дека Ваџрајана будизмот никогаш не би застапувал приврзаност од таква природа.

# Ваџрадарма

Според Езотеричниот Будизам на династијата Танг, Ваџрадарма е Бодисатва од семејството Лотос. Тој е член на свитата на Буда Амитаба. Во одредени садани на Тибетанскиот Будизам, Ваџрадарма и Амитаба се две различни ентитети. Но, во овој текст Ваџрадарма и Амитаба не се разликуваат. Ваџрадарма е самбогакаја еманација на Амитаба. Тој е прикажан речиси идентично со Ваџрадара[21]: стои во ваџра поза, со прекрстени раце пред градите, држејќи ваџра во едната рака и ѕвоно со другата рака. Единствената разлика меѓу нив е што Ваџрадара е син, а Ваџрадарма е црвен.

Неговата Светост еднаш спомна дека црвената Ваџрадарма се појавува и во одредени садани составени од Мифам Ринпоче. Но, во Ванг Ду, Ваџрадарма е самбогакаја на Амитаба. Така, во оваа тангка, нарачана од Неговата Светост,

21 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Vajradhara

во согласност со тајното значење на Мифам Ринпоче, горе е прикажана дармакаја Амитаба, во средината е самбогакаја Ваџрадарма, а долу е нирманакаја Падмасамбава.

Има многу веродостојни библиски докази кои го поддржуваат тврдењето дека Ваџрадарма и Амитаба се истиот ентитет. Во тантрите, експлицитно е наведено дека Ваџрадарма е манифестација на Амитаба; „Црвената светлина што зрачи од челото на Амитаба се трансформира во црвена Авалокитешвара; црвеното светло кое зрачи од неговото грло добива форма на Падмасамбава; црвеното светло од срцето на Амитаба се претвора во Херука, а црвеното светло што зрачи од врвот на неговиот нос станува Ваџрапани[22]. " Некои мастери објаснија дека Ваџрапани овде е Ваџрадарма, и дека Ваџрадарма е самбогакаја на Амитаба, исто како што Ваџрадара е самбогакаја на Самантабадра.

22 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Vajrapani

# Авалокитешвара

Нормално, подобро е да се следи низата дармакаја, самбогакаја и нирманакаја. Но, во основа, оваа практика е практика на Авалокитешвара. Понатаму, за обичните луѓе е многу тешко да тргнат по патот на дармакаја и самбогакаја Будите. За да го сториме тоа, треба преку Авалокитешвара да го добиеме благословот на Амитаба и Ваџрадарма. Затоа, прво ја претставуваме Авалокитешвара пред да го претставиме Падмасамбава.

Авалокитешвара добива многу различни форми: Авалокитешвара со две раце, четири раце, единаесет лица, илјада раце, илјада очи итн. Овде, Авалокитешвара е многу посебен. Тој е со црвена боја и во левата рака држи цвет од лотос, симболизирајќи сочувство кон сите чувствителни битија. Неговата десна рака ја формира мудрата на принесување дарови, симболизирајќи го отстранувањето на неволјите и страдањата за сите чувствителни битија.

Тантрите наведуваат дека црвената светлина што зрачи од Амитаба се трансформира во Авалокитешвара. Исто така, во *Стремежот за Повторно Раѓање во Чистото Царство на Сукхавати*[23] од Карма Чакме Ринпоче се вели дека светлината која извира од Амитаба се манифестира во Авалокитешвара. Затоа, со молење на црвениот Авалокитешвара, може да се достигнат и двете, практиката Сутрајана и практиката Ваџрајана. Од една страна можете да ја постигнете активноста на магнетизирање, а од друга страна можете да постигнете повторно раѓање во царството на Амитаба.

Во Хан Будизмот, практиката на црвениот Авалокитешвара е ретка, но во Тибетанскиот Будизам е доста честа појава. Во Ларунг, секој 30-ти ден од Тибетанскиот лунарен месец, сангата ја рецитира Ѓалва Ѓамцо Садана, во која Ѓалва е прикажан како црвен Авалокитешвара со четири раце. Рецитирањето на неговото име и мантра се исклучително корисни за мртвите.

Треба да разјасниме дека иако Ванг Ду и *Длабоката Практика на Илузорното Ласо на Деветте Главни Божества* на Лераб Лингпа се практики на магнетизирачка активноста;

---

23 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Aspiration_to_be_Reborn_in_-_the_Pure_Realm_of_Sukhavati

иако и двете ги молат деветте божества што магнетизираат за благослов, сепак, се разликуваат една од друга. Во Ванг Ду, главното божество е една фигура на Падмасамбава, додека во *Длабоката Практика на Илузорното Ласо на Деветте Главни Божества*, Падмасамбава е отсутен. Таму главното божество е црвен Авалокитешвара во поза на сексуална унија. Во десната рака држи бакарна кука додека во левата рака држи низа од лотосови цветови. Тој ја прегрнува Дакинито на Тајната Мудрост. Неговата Светост, исто така, коментираше: „Типично, саданата на деветте божества на Лераб Лингпа треба да го вклучува Падмасамбава. Не е јасна причината зошто Падмасамбава е отсутен во оваа садана“.

Во Ванг Ду, лесно се бројат деветте божества. Но, во саданата на Лераб Лингпа, тие не се толку очигледни. Според учењето на Кенпо Содаргје, деветте божества на саданата на Лераб Лингпа се поставени по следниов редослед: Амитаба, Ваџрадарма, Падмасамбава, Црвен Авалокитешвара, Гухјаџана, Херука, Ваџраварахи, Курукула и Махадева. Амитаба, Ваџрадарма и Падмасамбава се присутни на незабележителен начин. Прво, Амитаба, како шеф на Лотосовата фамилија е поставен над главата на Авалокитешвара. Второ, Ваџрадарма, трансформирана од Амитаба, е видлива за Бодисатвите со чисти перцепции.

Трето, за обичните чувствителни битија со извалкани перцепции, еманацијата на Амитаба е како кралот Лотос.

# Падма Ѓалпо

## Кралот Лотос Падмасамбава

„Оној што владее над целата самсара и нирвана“ значи дека Падмасамбава го постигнал крајното достигнување и затоа има контрола над целата самсара и нирвана и сите живи и неживи феномени.

Падмасамбава е бел со примеса на црвено, држи ваџра и чашка од череп, со катванга или трикратен трозабец свиткан под раката. Вообичаено, Падмасамбава се прикажува со сопруга, но инструкција на Неговата Светост беше да не биде вклучена сопругата. Катвангата служи како симбол на дакини сопругата.

Кралот Лотос, Падма Ѓалпо, е еден од многуте епитети на Падмасамбава. Според неговата биографија, кога Индрабути од Оргиен се враќал дома од потрагата по богатство, поминал покрај едно езеро. Во центарот на езерото, видел

момче со благороден изглед како седи на цвет од лотос. Ова момче било Падмасамбава. Кралот бил воодушевен од она што го видел и го довел момчето во својата палата, каде што бил посвоен како син на кралот и на тој начин станал принц. Подоцна, Падмасамбава го овластил кралот и му дал тајни учења. Исклучително воодушевен, кралот го понудил целото свое богатство и свита на Падмасамбава и го почестил со името Кралот Лотос.

Падмасамбава му припаѓа на западното семејство Лотос. Според тантрите, Падмасамбава е еманација на Амитаба и Авалокитешвара. Исто така, во *Стремежот за Повторно Раѓање во Чистото Царство на Сукхавати* од Карма Чакме Ринпоче, се вели дека Падмасамбава потекнува од зрак светлина кој светел од срцето на Амитаба нанадвор. Бидејќи тој стекнал контрола над самсара и нирвана, треба да му ги принесеме нашите најпобожни молитви. Со негово повикување, ќе бидат отстранети демонските сили и препреки, а ние ќе добиеме контрола над нашето тело и ум.

Падмасамбава покажа неверојатна моќ и донесе корист за безброј битија од Индија, Тибет и Кина. Неговите дела се толку големи и толку многубројни што не можат да се раскажат. Ова е особено точно во Тибет, каде што без влијанието на Гуру Ринпоче, хармоничното спојување и

процветување на Сутрајана и Ваџрајана Будизмот не би можел да успее до степенот до кој успеа. Просперитетот на Тибетанскиот Будизам во светот и благословите на Падмасамбава се неразделни. Во оваа темнина, учењата на Падмасамбава ја покажуваат нивната неверојатна моќ повеќе од кога било. Во однос на ефектите од преобразувањето на нашите ментални неволји, ниту едно друго духовно тело на знаење не може да се спореди со учењата на Падмасамбава. Да бидам поконкретен, да не беа благословите на Падмасамбава, дури ни ти, читателу, не би можел да имаш корист од Тибетанскиот Будизам. Затоа, сите треба да му бидеме благодарни на Падмасамбава.

# Хаџагрива

## Надмоќниот Херука

Надмоќниот Херука се однесува на Хаџагрива и неговата моќ да го потчини целиот свет. Хаџагрива е гневна манифестација на Амитаба. Додека некои практики на Хаџагрива може да се најдат во Езотеричниот Будизам Танг, токму во Тибетанскиот Будизам постои најголемата разновидност од овие практики. Низ историјата на Тибет е забележано дека многу луѓе го постигнале крајното достигнување преку практиките на Хаџагрива. Во *Њингма Школата на Тибетанскиот Будизам: Нејзините Основи и Историја* од Дуџом Ринпоче е документирано дека Галва Чојанг, еден од дваесет и петте духовни синови на Падмасамбава, достигнал просветлување следејќи ги практиките на Хаџагрива. Подоцна, големиот сида, Тангтонг Ѓалпо[24], кој се смета за еманација на Авалокитешвара и на

24 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Thangtong_Gyalpo

Хаѕагрива, исто така, го постигнал крајното достигнување преку оваа практика.

Хаѕагрива е исклучително моќен. Чудесните знаци на достигнување го придружуваат постигнувањето на просветлување преку Хаѕагрива. На пример, од круната на вашата глава може да ви израсне глава на коњ и да испушта силни звуци кои одекнуваат во просторот над вас, освојувајќи ги небесните демони; просторот под вас, освојувајќи ги сите демонски сили на царството на нага; просторот десно од вас, каде ги уништува сите машки демонски битија; и просторот лево од вас, каде ги уништува сите женски демони. Во доба како оваа, кога Дармата е во опаѓање, неопходно е да се практикува Хаѕагрива.

Кенпо Содаргје од дете имаше многу силна вера во Хаѕагрива. За време на наставата, тој рече: „Во тие денови, секој ден ги водев јаките на пасиште. Додека одев бос по планините, вртев мало молитвено тркало додека ја рецитирав мантрата на Хаѕагрива: *Ом Ваѕра Крода Хаѕагрива Хулу Хулу Хум Пат.* Секој што ме видел сигурно помислил дека сум Хаѕагрива јоги. Имавме и неколку коњи во нашето домаќинство. Локалните Тибетанци веруваа дека ако ја рецитираме Хаѕагрива мантрата, коњите ќе бидат безбедни од напад на диви животни. Кога татко ми ми ги довери

коњите, ме замоли да ја рецитирам Хаџагрива мантрата со трудољубивост. Чувствував дека бидејќи ми беше доверена толку важна одговорност, подобро е да ја рецитирам мантрата колку што можам почесто. Во ретроспектива, верувам дека иако во тоа време ја рецитирав мантрата од личен интерес, посеав и семе на добра навика“.

# Гухјаѕана

## Дакини на Тајната Мудрост

Следното божество е Гухјаѕана, позната и како Дакини на Тајната Мудрост или Ваѕрајогини. Таа има црвена боја и едно лице со три очи. Во секоја од нејзините четири раце таа држи летачки нож, чаша во форма на череп наполнета со нектар, трозабец и меч на мудроста. Во јабјумските практики на Авалокитешвара, таа е негова сопруга.

Гухјаѕана е многу важна фигура на Буда во Тибетанскиот Будизам. Тибетанските мастери имаат кажано дека без разлика на која фигура на Буда вежбаме, важно е да ја избереме Гухјаѕана за паралелна практика. Инструкциите за гуру-јога во книгата *Зборовите на Мојот Совршен Учител* од Патрул Ринпоче бараат од практикантот да се визуелизира себеси како Гухјаѕана.

Историски гледано, многу луѓе постигнале достигнувања преку практиката на Гухјаѕана. Повеќето од осумдесетте

махасиди во Индија практикувале Гухјаџана. Во Тибет, Гухјаџана се практикуваше во најстрога тајност, па дури и тогаш, само од страна на практикантите на Сакија и Њингма традициите. Подоцна, оваа практика преминала во другите традиции. Во Сакија традицијата, Гухјаџана практиката во исто време не се пренесувала на повеќе од едно лице. Подоцна, ова барање беше укинато и се овозможи, преку орален трансфер да се пренесе на седум до дваесет и еден студент по генерација. Денес, пренесувањето на оваа практика е сѐ уште многу ретко.

Треба да ѝ придаваме големо значење на практиката на Гухјаџана. Ако можеме искрено да ѝ се молиме на Гухјаџана, тогаш нејзиниот специфичен благослов ќе нѝ помогне брзо да ја трансформираме нашата страст во остроумна мудрост и, како таква, таа ќе се манифестира во сите световни и несветовни достигнувања.

# Ваџраварахи

Ваџраварахи има црвена боја, со едно лице, две раце и три очи. На десната страна од нејзиното лице има свинска глава. Со десната дланка држи летачки нож, а со левата рака која е на ниво на градите држи чашка во форма на череп. Под нејзината лева рака е сместена катванга.

Ваџраварахи е прикажана со глава на свиња, што го симболизира отсуството на дуалистичко означување на појавите како чисти или нечисти, како што свињите не можат да разликуваат чисто од гнасно, и се рамнодушни кон тоа дали храната што ја јадат е чиста или валкана. Свинската глава симболизира дека Ваџраварахи ги избришала сите концептуални мисли за чисто и нечисто.

Ваџраварахи има многу различни форми. Покрај црвената Ваџраварахи, постои и сина Ваџраварахи и црна Ваџраварахи. Ваџраварахи е практика вообичаена за секоја

Тибетанска лоза, а особено за Кагју традицијата. Многу Тибетански мастери лично ја виделе и самата Ваџраварахи. Во биографијата на преподобниот Лонгченпа се споменува дека Ваџраварахи му се појавувала доста често. Еднаш, Лонгченпа ја прашал Ваџраварахи зошто му се појавува, и покрај тоа што неговите молитви кон неа не се специфичен дел од неговата пракса. Вајраварахи во многу наврати му се појавила и на Џигме Лингпа.

# Махадева

## Резервоар на Големата Страст

Следното божество е Махадева. Исто така во црвена боја, Махадева е прикажан со едно лице и две раце, со левата дланка пред градите држи чашка во форма на череп, а со десната мафта со трозабец.

Можеби се прашуваме зошто за да се опише Махадева се користат изразите „Врховно Блаженство“, „Крал на Желбата“ и „Резервоар на Големата Страст“. Тоа е затоа што ова божество со помош на својата голема мудрост во која блаженството и празнината се неразделни може да им користи на сите чувствителни битија.

Во тантрите, постојат двајца Махадеви: едниот е световен бог, а другиот е манифестација на Авалокитешвара. Некои тантри документираат дека Буда Шакјамуни во минатите животи, исто така бил во форма на Махадева.

Затоа, Махадева не е обичен бог, туку е манифестација на просветлено битие. Потпирајќи се на него, можеш да ги развиваш своите способности да им бидеш од корист на битијата, како и твоите способности за магнетизирање. За да им бидат од корист на чувствителните битија, Будите и Бодисатвите се манифестирале во облици на небесни богови. На обичните суштества како што сме ние, им е тешко да ја увидат разликата. Затоа, кога ќе го слушнеме името на небесниот бог подобро е да не скокаме со избрзани заклучоци.

Историски гледано, многу луѓе постигнале просветлување преку практиката на Махадева. Биографијата на Гуру Чованг[25], откривач на богатство во Њингма традицијата, содржи многу фасцинантни приказни за неговите лични средби со Махадева.

25 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Guru_Ch%C3%B6kyi_-Wangchuk

# Курукула

## Волшебничка на Умовите на Сите Живи Битија

„Волшебничка на сите живи суштества без исклучок" значи дека Курукула со креативни методи може да ги плени умовите на чувствителните битија. Курукула има прекрасно и величествено тело што ги маѓепсува оние што ја гледаат. Таа е во црвена боја, со едно лице и четири раце. Со нејзините две горни раце држи лак и стрела; а со двете долни раце држи железна кука и ласо изработено од лотосови цветови.

Курукула, еманацијата на Тара, е просветлена манифестација на остроумната мудрост. Моќта што таа ја поседува е невообичаена. Будистичките монаси и калуѓерки кои сакаат да ги одржуваат своите заповеди чисти, треба побожно да ѝ се молат на Курукула, бидејќи таа има моќ да ја трансформира желбата во мудрост на големото блаженство и да се погрижи заповедите на практичарот да

останат беспрекорни. Неговата Светост даде многу јасни учења во овој поглед: „Монасите и монахињите, во време кога Дарма е во опаѓање, можат да изберат да ги разменат своите исклучително скапоцени заповеди за момент на физичко задоволство. Со побожно молење на Курукула, тешкотиите од овој вид можат целосно да се отстранат“.

За немонасите кои имаат потешкотии да најдат брачен другар, Курукула може да биде исто така од помош. Токму поради оваа причина Курукула, на некои им е позната како „Лично Божество на Љубовта“. Има многу слободни мажи и жени кои имаат потешкотии да најдат партнер. Многумина од нив бараат помош од нивниот Тибетански Ринпоче. Ринпоче од сочувство кон нив сугерира да ја рецитираат мантрата на Курукула, *Ом Курукуле Сваха*.

Луѓето кои бараат брачна хармонија, исто така, можат да побараат помош од Курукула. Постои приказна за некогаш убава, но остарена кралица во древна Индија, која со текот на времето ја изгубила наклонетоста на својот крал. Решена да ја врати љубовта на кралот, кралицата испратила една од своите слугинки во мисија да го најде еликсирот кој повторно ќе ја разгори љубовта на нејзиниот сопруг кон неа. Слугинката надалеку го барала еликсирот, но без резултат, сè додека еден ден не сретнала една убава жена со црвена

кожа. Откако дознала за мисијата на слугинката, жената со црвена кожа набрзина зготвила оброк и ѝ го дала на слугинката, велејќи ѝ дека ако успее да го натера кралот да го изеде јадењето, сите проблеми на кралицата ќе бидат решени.

Слугинката се вратила во палатата и ѝ ги повторила зборовите на жената со црвената кожа на кралицата. Плашејќи се од последиците кои може да ги предизвика оваа неидентификувана храна врз здравјето на кралот, кралицата ја фрлила во блиското езеро. (Друга верзија на приказната е дека кралицата, откако целосно ја изгубила наклонетоста на кралот, била протерана и затоа не можела да му го даде оброкот на кралот.) Нагата кој живеел во езерото го изел магичниот оброк, се трансформирал во манифестација на кралот, и со оваа маска ја оплодил кралицата.

Кога кралот ја слушнал веста за бременоста на кралицата, се налутил и решил да ја казни. Кралицата не видела друга алтернатива освен да признае сè. Не верувајќи ѝ, кралот побарал слугинката да ја донесе жената со црвена кожа во палатата. Додека стоела пред него, кралот веднаш сфатил дека оваа жена со црвена кожа не е никој друг туку самата божица Курукула, и испружувајќи се пред неа побарал

учења што би му помогнале да ја надмине секоја желба. Со трудољубива практика, кралот постигнал просветлување, и затоа се вели дека тој бил првиот човек кој ја имал лозата на учењата на Курукула.

Се надеваме дека оваа приказна може да ја поттикне вашата вера во Курукула. Во Тибетанскиот Будизам, постојат многу различни практики поврзани со Курукула. Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче напишал литургија и пофалба за Курукула. Кога ја посетил светата планина Чимпу, тој открил терма што содржела литургија за практикување на Курукула.

Претходните параграфи го претставија секое од деветте магнетизирачки божества. Секое од нив има извонредни квалитети и ако му се молите на било кое магнетизирачко божество ќе добиете неверојатни благослови. Неговата Светост еднаш рече: „Ако немате богатство, Ванг Ду може да ви донесе богатство; ако сакате позиција, Ванг Ду може да ви помогне да добиете позиција. Потпирајќи се на оваа молитва, можете да стекнете сè што сака вашето срце. Ако сепак, поради тоа што немате контрола над вашиот ум, не можете да генерирате бодичита, празнина и други несветски достигнувања, рецитирањето на Ванг Ду со трудољубивост ќе ви овозможи лесно да ги стекнете овие квалитети." Затоа,

без разлика дали се работи за постигнување на вашите световни или трансцендентни цели, можете да им се молите на деветте божества и потпирајќи се на нивните благослови ќе ви се остварат сите ваши желби.



# Како да Визуелизирате и да се Молите за Достигнувања

Коментар на
Ванг Ду: Големиот Облак од Благослови

# Визуелизација на Квалитетите на Ваџра Тело

*Б2. Како да се молите*

*В1. Визуелизација на Квалитетите на Ваџра Тело*

> **Моќни, врховни и обични мудри, чие блаженство и празнина се манифестира како танц, Домаќини на ваџра даки и дакини, кои привлекуваат и магнетизираат. Додека вашите ваџра тела танцуваат во хармонија помеѓу изгледот и празнината, се брануваат трите царства на постоење.**

Овој стих значи дека бидејќи магнетизирачките божества ги постигнале сите врховни и обични мудри, тие имаат способност да ги прикажуваат танците во дармадату. Самиот танц е манифестација на не-дуалноста на изгледот и празнината. Живеејќи во совршена унија на изгледот и празнината, танцувањето на безбројните ваџра тела предизвикува треперење во трите царства на постоењето.

Зборот „мудра“ има многу значења; но во оваа строфа треба да се толкува како квалитет и остварување. „Ваџра даки“ се однесува на машките Буди и Бодисатви, како Амитаба, Авалокитешвара, Хаџагрива, додека „Ваџра дакини“ се однесува на женските Буди и Бодисатви, како Ваџраварахи, Гухјаџана, итн.

Секое чувствително битие има своја предиспозиција и капацитет. За да им донесат корист на чувствителните битија со различна диспозиција, просветлените суштества се манифестираат како даки и дакини. Причината поради која тие можат да заземат различни форми се должи на фактот дека природата на појавите е неразделноста на изгледот и празнината. Во спротивно, тоа би било невозможно да се постигне, без разлика колку и да се моќни.

„Танц“ е фигуративен термин, кој во овој случај се однесува на манифестацијата на Буди и Бодисатви. На пример, Авалокитешвара може да се манифестира во триесет и две различни форми. Хаџагрива понекогаш се појавува со едно лице и две раце, а понекогаш со едно лице и четири раце, и така натаму. Божествата имаат различни појави пред чувствителните битија, слично како вешт танчер кој изведува различни танци пред својата публика.

„Тресењето на трите царства на постоењето“ значи носење корист на чувствителните битија во трите димензии на постоење. Магнетизирачките божества се манифестираат на различни начини за да се приспособат на перцепцијата на чувствителни битија во световите на желбата, формата и безобличноста. Треба да се напомене дека иако текстот спомнува само девет магнетизирачки божества, во реалност има безброј магнетизирачки божества, секое со неограничен број на манифестации. На пример, иако некои божества може да се манифестираат со црвена боја на кожа, тие може да се манифестираат и како бели, зелени и така натаму.

Значи, за да ги визуелизирате и да се споите со ваџра телата на магнетизирачките божества, прво треба да ги разберете просветлените квалитети на нивните тела. Во царството на дармадату кое нема граници, магнетизирачките божества прикажуваат безброј манифестации кои предизвикуваат треперење на трите царства, маѓепсувајќи ги чувствителните битија од трите царства, давајќи им привремена благосостојба и крајно просветлување.

# Визуелизација на Квалитетите на Ваџра Говор

*B2. Визуелизација на Квалитетите на Ваџра Говор*

> **Вашата ѕвонлива смеа е просветлен говор кој допира до трите света, зраците на вашата црвена светлина ги исполнуваат самсара и нирвана, вашето вибрирање и смирување се виталната суштина на условеното постоење и мирот.**

## Основно Значење на Стихот

Ваџра говор е многу широк поим. Во потесна смисла, го означува звукот кој го создаваат магнетизирачките божества. Во поширока смисла, го означува звукот на земјата, водата, огнот, ветрот и звуците на сите чувствителни битија. Може да се каже дека сиот звук е ваџра говор на магнетизирачките божества.

Ваџра говорот на магнетизирачките божества испушта звуци на смеа, како што се *„ха ха, хе хе, хеј хеј и хо хо“*. Со овие звуци, тие ги повикуваат битијата од трите царства; и особено се способни да ги повикаат и покорат демонските суштества од трите царства.

„Постоење“ укажува на трите нечисти состојби на постоење на заблудените битија во самсара. „Престанок“ укажува на чистите состојби на просветлените битија во нирвана. „Прозрачна суштина“ се суштините на четирите елементи на неживиот свет и суштините на живите битија, како што се квалитетот на сочувство и мудрост. Последните две линии покажуваат дека мантра тркалата на грлото (или срцето) на магнетизирачките божества зрачат со црвена светлина, која свети на секој агол од самсара и нирвана, вибрирајќи и повикувајќи ги сите витални суштини на двата феномена, световниот и натприродниот.

## Суштината на Сето Световно и Не-Световно Постоење

Магнетизирањето има чудесен ефект. Преку практиката на магнетизирање, суштината и заслугата на целото светско и врвно постоење се собира и раствора во сопствената умствена струја. На пример, ако ви недостасува мудрост,

можете да ја стекнете практикувајќи магнетизирање. Се разбира, магнетизирањето е различно од она што одредени небудистички секти го опишуваат како „жетва на енергија“. Некои луѓе веруваат дека причината што се многу слаби е затоа што нивната „чи“ била вшмукана од некој друг. Сепак, тоа не е она што значи магнетизирање. Вашата корист од практиката на магнетизирање, нема да им нанесе штета на другите. Слично на тоа, ако запалиме свеќа и ја држиме во рака, нејзиниот пламен нема да го изгасне пламенот на некоја друга свеќа.

Нема потреба да се мистифицира магнетизирањето. Световните работи можат да имаат многу слични „магнетизирачки“ ефекти. На пример, некои луѓе се заведени од љубов, социјален статус, богатство, добра храна и слично. Како уметноста на магнетизирање, и овие се средства за привлекување на луѓе.

Меѓутоа, мора да бидеме свесни дека Будистите не магнетизираат за лично стекнување на слава или моќ, туку за благосостојба на чувствителните битија. Нема да можете да им донесете корист на чувствителните суштества ако ги немате потребните моќи на заведување. Некои лами поседуваат квалитети на мудрост, сочувство и елоквентност, но имаат проблем да го прошират своето религиозно

влијание. И покрај тоа што се многу мотивирани да им бидат од корист на битијата, тие не успеваат да соберат ученици околу себе. Тоа е затоа што тие не ја усовршиле активноста на магнетизирање. Личноста која ја има постигнато уметноста на магнетизирање спонтано ќе ги шармира другите каде и да оди. Затоа, ако сакате да им бидете од корист на чувствителните битија, не само што треба да поседувате квалитети на мудрост, да ги почитувате заветите и да имате благороден карактер, треба да бидете вешти и во активноста на магнетизирање.

# Визуелизација на Квалитетите на Ваџра Ум

*В3. Визуелизација на Квалитетите на Ваџра Ум*

> **Врховното неуништливо блаженство на вашиот просветлен ум ја дава најголемата желба на чувствителните битија: двата плода на совршеното достигнување на духовните практики. Со вашите моќни ваџра куки и јажиња со јамки, го врзувате сето она што се појавува и постои во Големо Блаженство.**

## Големата Ваџра Страст

Магнетизирачките божества, користејќи ја големата ваџра страст на нивните просветлени умови, ги даваат сите врховни и обични сиди што ги посакуваат чувствителните суштества. Со нивните ваџра железни куки и ласо, тие го

врзуваат светот на изгледот и постоењето во мудрост на големото блаженство.

Голема ваџра страст значи мудрост на расудување која се трансформира од обичната страст и тоа е најчесто користен термин во Ваџрајана. Во *Пеење на имињата на Манџушри*[26], пишува: „Ваџра страст, голема страст“. Страста во најобична смисла е еден вид приврзаност. Ако не сте ја сфатиле природата на сопствениот ум, можете да се заплеткате во него. Кога ќе ја сфатите исконската природа на умот, обичната страст се трансформира во голема ваџра страст, која не нанесува штета ни на себе, ни на другите. Истиот принцип важи и за надминувањето на гневот, незнаењето и така натаму. Штом ја разберете вистинската природа на овие работи, тие може да се претворат во неизвалкана мудрост.

Односот помеѓу менталните неволји и мудроста, е обработен и во одредени Махајана сутри кои го објаснуваат крајното значење. Во *Сутрата Побарана од Кашјапа*, се вели: „Како што моќта на мантрите може да го претвори отровот во еликсир, со користење на креативни средства, страста може да се претвори во мудрост“.

---

26 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Chanting_the_Names_of_Man- jushri

Обичните суштества се заробени од своите желби, постојано посакувајќи нешто или некого, што им носи значителен степен на ментално страдање. Таквото страдање е предизвикано од неразбирање на природата на умот. Ако преку Дарма инструкциите ја разберете вистинската природа на вашиот ум, тогаш целото страдање и болка ќе се растворат во дармадату. Затоа, секој треба да се посвети во сфаќање на вистинската природа на својот ум.

## Ваџра Куки и Ласи

Магнетизирачките божества во своите дланки држат алатки како железни и бакарни куки, лотосови ласи итн. Ова понекогаш може погрешно да се протолкува. Магнетизирачките божества буквално не ги фаќаат со јадица, врзуваат и влечат своите поданици кон себе. Мора да разберете дека овие инструменти се само симболика на моќта на божествата да ги принудат и маѓепсаат своите поданици.

Имплицитната моќ на магнетизирање може да создаде скептицизам кај некого. Во реалноста, кога личност која никогаш не била заинтересирана за будизам сретне лама, таа најчесто веднаш е маѓепсана од неговото сочувство и сака да се засолни во Трите Скапоцености, за на крајот да

стане личност која му носи корист на будизмот. Ова е силата на магнетизирање.

Важно е да имаме правилен став при толкување на Дарма. На пример, мечот во дланката на Бодисатва Манџушри не се користи за повредување или убивање, туку е симбол на мудроста со која тој го искоренува незнаењето. Расцветаниот лотос во дланката на Авалокитешвара е симбол за неговото постоење во самсара неизвалкан од нејзините нечистотии; исто како што лотосот расцветува во калта, со цвет неизвалкан од неа. Според тоа, предметите што ги носат Будите и Бодисатвите претставуваат симболи од кои се раѓа одредено кармичко потекло.

Особено важно е да се разбере дека магнетизирањето е практика во корист на чувствителните битија. За да им донесат корист на чувствителните битија, Бодисатвите ги магнетизираат оние што се дават во длабочините на самсара користејќи ја својата мудрост и сочувство. Бодисатвите го раствораат умот на чувствителните битија во сопствената мудрост на големо блаженство, претворајќи ги од нескротлива и цврста состојба во состојба на послушност и способност. На крајот, ги водат чувствителните суштества за да ја сфатат вистинската природа на нивните умови.

## Практикување на Ванг Ду

Поради гореспоменатите причини, треба трудољубиво да практикуваме магнетизирање. Кога пеете и вежбате Ванг Ду, можете да ги следите упатствата на вообичаените или напредните тантрички практики. Се разбира, неупатените практичари на кои им е туѓа тантричката практика можат да го практикуваат Ванг Ду користејќи го методот Сутрајана. Мифам Ринпоче не бараше од луѓето строго да ја практикуваат оваа молитва во фазите на генерирање или во фазите на совршенство. Сè додека им се молиме на магнетизираните божества со посветеност, сите живи и неживи светови ќе резонираат. Ова ќе овозможи суштината на самсара и нирвана да се собере во себе.

Практиката на магнетизирање дефинитивно би им била од корист на луѓето кои се нови во практиката на Дарма. Во ова дегенерирано доба, бидејќи на луѓето им недостасува внатрешна сила нивниот Дарма пат е исполнет со пречки. Ако ѝ припаѓате на оваа група на луѓе, со практикување на магнетизирање ќе развиете внатрешна сила и ќе можете полесно да ја внесете Дармата во вашиот ум. Тогаш, на каква и препрека да наидете, ќе бидете способни да се справите со неа.

Ако сакате да постигнете магнетизирање, прво треба да воспоставите врска со магнетизирачките божества, што значи, да ги споите вашето тело, говор и ум со нивните. За да се споите со ваџра телата на божествата, Будистичките мастери го визуелизираат сопственото тело како тело на магнетизирачко божество. Ова е најефикасен метод. Ако не сте запознаени со таквите напредни практики, алтернатива би било да го носите со себе ликот на деветте божества и да им принесувате жртви.

Во однос на говорот, треба често да ја рецитирате мантрата на деветте божества, а особено Ванг Ду. Молитвата Ванг Ду се состои од ваџра зборови на Мифам Ринпоче. Нивното рецитирање дури само еднаш носи огромни заслуги. Кога практикувате Ванг Ду, најдобро е да визуелизирате додека пеете. Може да визуелизирате безгранична црвена светлина како извира од магнетизирачките божества, осветувајќи ги сите чувствителни битија и носејќи им корист со Дарма. Не треба да ја компликирате вашата визуелизација. Имагинацијата на некои луѓе е премногу активна. Тие создаваат непотребни детали во нивната визуелизација и може да замислат црвен лотосов цвет како цвета од центарот на срцето на магнетизирачките божества, со црвен

хри на врвот, кој зрачи светлина и така натаму, иако не постои таков опис во садана.

Во однос на умот, можете да замислите дека вашиот ум е неразделен од мудроста на магнетизирачките божества. Потоа може да ја набљудувате природата на вашиот ум, директно разбирајќи дека магнетизирачките божества се самата природа на вашиот ум во овој момент. Нема други магнетизирачки божества освен вашиот сопствен ум во овој момент. Ако можете да медитирате на ваков начин, ќе можете брзо и вистински да се споите со магнетизираните божества.

Умот на чувствителните битија не се разликува од умот на Будите и Бодисатвите. Незнаејќи го овој факт, луѓето се држат до идејата дека тие и Будите се посебни ентитети. Различните нивоа на практика во Будизмот се дизајнирани да го разбијат таквиот дискриминирачки поим. Во почетните фази на вежбање, се визуелизираме себеси и фигурата на Буда во вертикална врска, како таа помеѓу ученик и лама.

Во понапредните фази на вежбање, визуелизираме дека сме еднакви со фигурата на Буда, како врската помеѓу пријателите.

На крај, визуелизираме дека не се разликуваме од фигурата на Буда, како водата која се истура во вода.

Преку ваквата визуелизација ќе почнеме да го перцепираме нашиот ум и умот на Будите и Бодисатвите како ист ентитет. За да го постигнеме ова, од особена важност е да се следат чекорите на визуелизација. Тренирањето на нашиот ум, слично како и рафинирањето на златото, е постепен процес.

# Молитва за Достигнувања

*Б3. Молитва за Достигнувања*

**Како танчерка во безгранична мрежа од илузии,**
**како филигран од неограничени магични**
**манифестации, како семиња во отворена мешунка**
**од сусам го исполнувате целиот простор.**
**На оваа огромна низа од Трите Корени, домаќини**
**на магнетизирачките божества, во посветеност ви се**
**молиме за благослов.**
**Инспирирајте нè со вашите благослови, подарете нѝ**
**духовни достигнувања, обични и врвни! Обдарете нè**
**со совршенството на непречената магнетизирачка**
**активност да магнетизираме без пречки, сè што ќе**
**посакаме.**

## Бесконечност на Магнетизирачки Божества

„Безгранична мрежа од илузии“ опишува бесконечност од магнетизирачки божества во дармадату. Кога ги опишуваме

мандалите во Ваџрајана Будизмот, често ги броиме Будите и Бодисатвите во единици од стотици, илјадници, десетици илјади, стотици илјади, милиони и милијарди. Овие бројки се фигуративни. Во реалноста, Будите и Бодисатвите се безброј.

Во неограничениот Дармадату живеат безброј Буди и Бодисатви. Амитаба сутрата вели дека во секој правец има безброј Буди. „Девет“ е само симболичен број за безбројните магнетизирачки божества.

„Огромното излевање на семе од сусам“ илустрира колку магнетизирачки божества постојат. Магнетизирачките божества го населуваат и го исполнуваат целиот простор, едно до друго, пренесувајќи слика која многу личи на отворена мешунка од сусам полна со семе од сусам. Релативно кажано, магнетизирачките божества живеат на запад; на крајот сепак, тие живеат во секоја насока. Дури и во најмалата молекула, има безброј магнетизирачки божества.

Мора да имаме отворен ум кога студираме Дарма. Само така може да ја разбереме неговата неверојатна широчина. Дури и вообичаените учења од тркалата прикажуваат состојби на бесконечност. На пример, секој од шеснаесетте

архати кои ја штитат Дармата на Буда Шакјамуни, поседува и неограничена световна и трансцендентна придружба.

## Молитва за Постигнување на Достигнувања

„Безбројни Три Корени, божества на магнетизирачка активност, побожно се молам за вашиот благослов“. Кога им се молиме на Будите, колку сме попобожни, толку посилни благослови добиваме. Треба толку силно да се вложиме во нашите молитви што ќе ни се кренат влакната од косата и ќе нѝ потечат солзи од очите. Се подразбира дека ваквата посветеност треба да биде долготрајна. Некои луѓе на почетокот се силно мотивирани од Дарма, но кога нивниот првичен ентузијазам ќе се олади, тие стануваат сè порамнодушни и неспособни да ги ценат заслугите на Гуруто и Трите Скапоцености. Иако рамнодушни додека слушаат за страдањата во самсара, веднаш се орасположуваат кога ќе се појави темата за вкусна храна. Ова е далеку од идеално и треба да развиеме трајна верба во Дарма наспроти нашата желба за вкусна храна.

„Нека ми бидат исполнети сите желби на моето срце - врховните и обичните сиди! Врховните сиди се однесуваат на трансцендентните квалитети како што е плодот на Буда. Обичниот сиди се однесуваат на осумте светски

достигнувања, зголемено богатство, добро здравје, долговечност и така натаму.

Деновиве се чини дека повеќето луѓе кои практикуваат Будизам ретко бараат врвни сиди и се задоволуваат со обични придобивки кои можат да им бидат од корист во овој живот. Едно нешто на кое Кенпо постојано потсетува е дека кога некој се спријателува со многу моќна личност, од неа треба да бара помош само за најважните прашања; тривијалните работи не се достојни за нејзиното време; на сличен начин, кога го рецитирате Ванг Ду, ако не бараме врвни придобивки, туку го рецитирате со вообичаена цел да се облекуваме подобро, да јадеме подобро или да спиеме подобро, ова не е исплатлива причина.

За оние кои ги примиле учењата на Махајана, овие светски особини се нереални како соништата и илузиите. Без разлика колку сте богати, познати или високо се рангирате на социјалната скала, сè ќе се распадне на крајот. Ако ви требаат повеќе докази, само погледнете ја историјата. Светскиот просперитет е минлив. Само трансцендентните заслуги имаат крајна вредност. Затоа, треба да бараме возвишени квалитети. Се разбира, постојат многу видови на возвишени квалитети. Секој од нас си има своја сопствена

желба. Што и да посакате, сè додека сте ревносни во вашите молитви, вашите желби ќе се остварат.

Ванг Ду е вистински скапоцен камен за исполнување на желбите. Ако внимателно ја читате оваа молитва, не само што ќе ги стекнете сите особини што ги посакувате, туку можете да ги отстраните и сите пречки од вашиот пат. Меѓутоа, ако се соочите со неизбежна кармичка одмазда која е резултат на постапките од претходните животи, би било тешко да очекувате итно отстранување на нејзините пречки.

Еднаш Кенпо беше прашан дали Будите и Бодисатвите можат да ги спасат луѓето од секаков вид на неволја. Ако не можат, тогаш каква е корист од молитвата? Кенпо одговорил дека кога се дава иста доза од ист лек на различни пациенти, некои ќе се излекуваат од својата болест, а некои не. Но, дали треба целосно да се одбие лекот само затоа што не дава резултати кај некои луѓе? Истото важи и за благословите на Будите и Бодисатвите. Никој не вели дека можат да го решат секој проблем на секое чувствително битие. Деталите од кармичкиот ефект се исклучително комплексни. Со потпирање на благословите на Будите и Бодисатвите, некои проблеми можат веднаш да се решат, но

други проблеми можеби и не можат. Како и да е, молитвата сѐ уште е начин за да дадеме сѐ од себе.

Затоа, кога го рецитираме Ванг Ду, најдобро е да го послушаме советот на Неговата Светост: „Нека благословите на божествата кои магнетизираат ми овозможат да го поседувам квалитетот на тренинзите[27] во текот на сите идни животи. Благослови ме за да можам да им бидам од корист на чувствителните суштества преку сочувство во животот после овој живот! Или оние на Самантабадра: „Со оваа заслуга, да ги скршам сите ментални неволји, да ги усовршам сите корисни особини и да им користам на сите чувствителни битија“.

27 http://www.rigpawiki.org/index.php?title=Three_higher_trainings



# Крај

# Позадина на Составот

*А3. Крај: Позадина на Составот*

> ***Ова беше составено на првиот ден од седмиот месец од годината на Земјиниот зајак (1879) од еден по име Ди (Dhīḥ). Секој што се моли на ваков начин, без никакво сомневање, ќе ги изврши сите магнетизирачки активности токму според своите желби. Оваа молитва може да биде напишана на црвени знамиња и да се вее во воздухот или да се користи во молитвени тркала што се напојуваат од топлина или ветер. Мангалам!***

## Достигнувања од Пеењето на Оваа Молитва

Овој текст го напишал Мифам Ринпоче во 1879 година, кога имал 34 години. „Ди" е слогот на Манџушри и името со кое Мифам Ринпоче си реферира на самиот себе во овој текст. Овде е многу јасно посочено дека, не само остварените мајстори, туку и секој кој се моли на овој начин, ќе постигне магнетизирачки активности.

Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче исто така рече дека: „Само луѓе со продорна интелигенција можат да достигнат просветлување преку длабоките тантрички практики. Обичните луѓе можеби нема да успеат. Но, Ванг Ду на Мифам Ринпоче е поинаков. Сѐ додека се има вера во деветте магнетизирачки божества, секој може да постигне магнетизирачка активност“.

## Закачени Црвени Ванг Ду Молитвени Знамиња

Кога Неговата Светост беше со нас, на секој покрив во Ларунг се вееја молитвени знамиња со Ванг Ду молитвата испечатена на нив. Во денешно време, лесно може да се најдат знамиња на Ванг Ду во Тибет. Дури и во некои градови од областа Хан, луѓето ги окриваат ѕидовите на своите домови со Ванг Ду молитвени знамиња. Ова е поволен почеток.

Кенпо Содаргје ги советува сите во иднина ревносно да ја рецитираат Ванг Ду молитвата и да закачат молитвени знамиња на Ванг Ду. Ова ќе помогне во ширење на Дарма, а исто така ќе им биде од корист на локалните чувствителни битија. Многу луѓе денес страдаат од параноја, загриженост и депресија. Ако можете да рецитирате Ванг Ду или да закачите молитвени знамиња на Ванг Ду, вашето тело и

ум ќе уживаат поголема слобода, а среќата спонтано ќе се роди во вас. Бидете внимателни кога закачувате молитвени знамиња. Најдобро е да ги закачите некаде повисоко, на покривот или на планина.

Не ги закачувајте во вашиот двор каде што луѓето влегуваат и излегуваат. Молитвените знамиња не се разликуваат од самите божества. Ако се обесени на несоодветно место и луѓето ги прегазуваат, тоа би било голема грешка. Пред да ги закачите, тие мора да бидат осветени. Ако не можете да најдете некој кој ќе ви ги освети, посипете малку ориз кој останал од претходната церемонија на осветување. Ако го немате тоа, седум пати рецитирајте ја мантрата за зависен почеток, која исто така се смета за осветување.

## Вртење на Ванг Ду Молитвените Тркала

Мифам Ринпоче објасни дека освен што се испишува Ванг Ду во молитвени знамиња, може да се испише и во молитвени тркала кои се напојуваат од ветер или оган. Ова помага во остварување на магнетизирачки активности. Се разбира, можеме да изработиме и молитвени тркала со молитвата Ванг Ду кои се вртат рачно.

Патем, постои специфичен протокол што треба да се следи кога се прават молитвени тркала. Не треба да правите молитвени тркала без да ја консултирате референсната сутра. Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче еднаш коментираше: „Кога некои луѓе ќе ја фатат мантрата на Буда, тие веднаш ја ставаат во молитвено тркало. Ова е неразумно. Ако сакате да направите молитвени тркала, би било добро да ги направите со Мани мантрата бидејќи бројни библиски докази нѝ кажуваат дека молитвените тркала направени со Мани мантрата се исклучително корисни“.

Непосредно пред да почине, Неговата Светост постојано ги советувал своите ученици да ги вртат молитвените тркала и им рекол со увереност дека кога некој е на пат да почине, дури и ако нема кој да рецитира молитви за него, сè додека има молитвено тркало до себе, нема да падне во пониските димензии.

Како и да е, можеме да го направиме Ванг Ду светски познат со молитвени знамиња или молитвени тркала. На овој начин, не само што нашето сопствено тело и ум ќе бидат ослободени и многу нашите пречки отстранети, истото ќе ѝ помогне на Дарма да стане попросперитетна.

## Практика на Магнетизирање во Ларунг Гар

Некои ја отфрлаат оваа активност на магнетизирање како ништо повеќе од мит или фикција, но самиот пример на Неговата Светост Џигме Пунтсок Ринпоче покажува колку се опипливи ефектите од магнетизирањето. Сите негови големи достигнувања не би биле можни без достигнување на уметноста на магнетизирање. Самиот факт што толку многу луѓе доаѓаат во Ларунг Гар за студирање и практикување на дарма е резултат на неговата магнетизирачка активност. Никој не би дошол да се смести во оваа снежна земја без причина.

Како што рече Кенпо Содаргје „Јас лично го доживеав ефектот на магнетизирање врз себе. Секој пат кога одам на патување, многу ми недостасува Ларунг. Штом ќе ја завршам работата со нетрпение, веднаш се враќам назад. Ова е резултат од магнетизирачката активност на Неговата Светост“.

Значи, ова е одраз на моќта на магнетизирањето. Во Ларунг Гар вежбаме магнетизирање секоја година на Дарма Собранието на Носителите на Свеста. Во овој период од годината, мантрата на деветте божества ја пее целата санга половина месец. Таквата практика што се одвива на толку

големо собрание е исклучително моќна. Кенпо Содаргје еднаш се пошегува дека треба да се скрати времетраењето на Дарма Собранието за да не остане долината Ларунг без слободен простор за луѓето да седнат.

Пред да почине Неговата Светост, рече: „Во иднина, ако моите ученици често го рецитираат Ванг Ду, ќе продолжат пренесувањата од срцето на Гуру". Во Бодичарјаватара, постои приказна за небесно суштество кое излечило болест предизвикана од нагите со изградба на голема кула гаруда. Многу години откако ова небесно суштество починало, луѓето сè уште ја обиколувале ступата за да ја излечат болеста предизвикана од нага. Слично на тоа, дури и ако никогаш лично не сте ја виделе Неговата Светост Џигме Пунтсок, практикувајќи го Ванг Ду, ќе ги добиете благословите од неговото пренесување на умот.

Кога ќе го примите неговиот умствен пренос, вашето сопствено страдање ќе биде отфрлено и без разлика на препреката на која ќе наидете, ќе се соочите со неа со поголема леснотија и сталоженост. Ќе бидете среќни во вашиот сегашен и иден живот.

Од 2011 година, Кенпо Содаргје е сконцентриран на вежбање на магнетизирачката активност. Тој рече:

„Мојата мотивација е едноставна. Неговата Светост Џигме Пунтсок целосно ја совладала просветлената активност на магнетизирање. Не се осмелувам да кажам дека сакам да го постигнам истото ниво на мајсторство како Неговата Светост, но како негов ученик треба барем да ги следам чекорите во активностите што тој ги создал. Како ученик на Гуру кој ја совладал уметноста на магнетизирање, не би било правилно да ја занемарам оваа практика. Како ученик на Неговата Светост, морам да се трудам со сите мои напори да ги продолжам неговите традиции". Така, во последниве години, Кенпо Содаргје повторно и повторно ги охрабрува своите ученици да го рецитира Ванг Ду 10.000 пати, како краткорочна цел на нивната дарма практика и стремеж да придонесат во активностите на Кенпо за ширење на Дарма.

# Посвета

Нека заслугите кои произлегуваат од ова дело
придонесуваат во најголема можна мерка за долгиот
живот на сите големи мајстори, за процутот на Буда Дарма
и за благосостојбата на сите чувствителни битија.

# Повратни информации

Наша постојана желба е на читателите да им претставиме дело со највисок квалитет за секој кој го чита овој текст да најде инспирација. Затоа, многу би ги цениле вашите коментари, повратни информации или предлози за тоа како овој текст може да се подобри и да се направи повреден. Исто така, особено сте добредојдени доколку сакате да дадете свој придонес во кој било од нашите други преведувачки проекти.

Ве молиме испратете нѝ е-пошта на:

*translation@khenposodargye.org*



Само за Некомерцијална Употреба